РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
Дирекција за безбедност на
класифицирани информации
Бр. 04-677/11
23.07. 2021 година

Врз основа на член 52 од Законот за административни службеници, („Службен весник на Република Македонија“ бр. 27/14, 199/14, 48/15, 154/15, 5/16, 142/16 и 11/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“бр. 275/19 и 14/20), како и Правилникот за формата и содржината на Интерниот оглас, начинот на поднесување на пријавата за унапредување, начинот за спроведување на административната селекција и интервјуто, како и начинот на нивно бодирање и максималниот број на бодови од постапката на селекција, во зависност од категоријата на работно место за кое е објавен интерниот оглас („Службен весник на Република Македонија“ бр.11/15), како и Правилникот за изменување и дополнување на Правилникот за формата и содржината на Интерниот оглас, начинот на поднесување на пријавата за унапредување, начинот за спроведување на административната селекција и интервјуто, како и начинот на нивно бодирање и максималниот број на бодови од постапката на селекција, во зависност од категоријата на работно место за кое е објавен интерниот оглас („Службен весник на Република Македонија“ бр.35/18) директорот на Дирекцијата, ја донесе следната

**О Д Л У К А**

**за избор за унапредување административен службеник во Дирекцијата за безбедност на класифицирани информации**

1. Сашо Штергиски, раководител на Одделение за странски класифицирани информации, во Секторот за административна, персонална и за индустриска безбедност на калсифицирани информации се унапредува во раководител на Сектор за административна, персонална и за индустриска безбедност на класифицирани информации.
2. Одлуката за унапредување административен службеник да се достави до кандидатите за унапредување и на веб-страницата на Дирекцијата за безбедност на класифицирани информации.
3. Против одлуката незадоволниот кандидат има право во рок од осум (8) дена да поднесе жалба до Агенцијата за администрација.

***О б р а з л о ж е н и е***

Со Интерен оглас за унапредување административен службеник бр. 04-677/1 од 14.07.2021 година (односно бр.01/21) беше огласена потребата од унапредување 1 (еден) административен службеник за работно место УПР0101Б02000 раководител на Сектор за административна, персонална и за индустриска безбедност на класифицирани информации, од редот на вработените во Дирекцијата за безбедност на класифицирани информации, при што за извршување на работите од точка 1, се спроведе постапка согласно членовите 48, 49, 50 и 51 од Законот за

административни службеници („Службен весник на Република Македонија“ бр. 27/14, 199/14, 48/15, 154/15, 5/16, 142/16 и 11/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“бр. 275/19 и 14/20), како и Правилникот за формата и содржината на Интерниот оглас, начинот на поднесување на пријавата за унапредување, начинот за спроведување на административната селекција и интервјуто, како и начинот на нивно бодирање и максималниот број на бодови од постапката на селекција, во зависност од категоријата на работно место за кое е објавен интерниот оглас („Службен весник на Република Македонија“ бр.11/15), како и Правилникот за изменување и дополнување на Правилникот за формата и содржината на Интерниот оглас, начинот на поднесување на пријавата за унапредување, начинот за спроведување на административната селекција и интервјуто, како и начинот на нивно бодирање и максималниот број на бодови од постапката на селекција, во зависност од категоријата на работно место за кое е објавен интерниот оглас („Службен весник на Република Македонија“ бр.35/18).

На горенаведениот Интерен оглас се пријави само еден кандидат, и тоа Сашо Штергиски, кој по спроведувањето на интервјуто од страна на Директорот на Дирекцијата за безбедност на класифицирани информации, е избран за унапредување од раководител на Одделение во раководител на Сектор за административна, персонална и за индустриска безбедност на класифицирани информации.

Врз основа на горенаведеното, Директорот на Дирекцијата за безбедност на класифицирани информации изврши избор како во диспозитивот на оваа одлука.

Директор
Стојан Славески

**ДОСТАВЕНО ДО:**
- кандидатот
- Архива на ДБКИ